**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА**
**Бр. 10 - 325/8**
15 -02- 2024 **година**

Врз основа на член 16 став (2) алинеја 8 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија 275/19 и 14/20), а во врска со член 8-а став (1) алинеја 4 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 42/20, 74/21 и 215/21), директорот на Агенцијата за администрација донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за ставање во мирување на започнатата постапка за селекција на кандидати за вработување на административни службеници

1. Постапката за селекција на кандидати за вработување на работно место на административен службеник по Јавен оглас број 86/2024, објавен на 18.01.2024 година, а започната по барање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој , **СЕ СТАВА ВО МИРУВАЊЕ.**
2. За продолжување на постапката од точка 1, ќе се донесе посебно Решение.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Во членот 8-а став (1) алинеја 4 од Изборниот законик, е утврдено дека: *„Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а* ***започнатите***

***постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи*“.

Согласно горенаведеното, а имајќи го предвид Решението за распишување избор за претседател на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 37/2024), и Решението за распишување избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 37/2024), директорот на Агенцијата за администрација донесе решение како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение не е дозволена жалба.

ДИРЕКТОР,
СПАСЕ ГЛИГОРОВ

Изработил: Бојан Димчевски
Контролирал/Одобрил: Изабела Младенова – Цветковска
Согласен: Александар Алексовски

Доставено до:
- Сектор за селекција на кандидати за вработување;
- Архива на Агенцијата за администрација; и
- Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој